Комисијата на центрите за развој (Growth Centres Commission) е агенција на владата на Нов Јужен Велс. Таа ги координира планирањето и инфраструктурата, помагајќи да се обезбеди земјиште кое ќе може да се користи за изградба на нови станбени простори и отварање на нови работни места – и тоа колку што се може побрзо.

Ова земјиште се наоѓа во областите Северозападен центар за развој **(North West Growth Centre)** и Југозападен центар за развој **(South West Growth Centre)** како што е прикажано на картата подолу.




Комисијата ќе користи нов пристап, Зонско планирање (Precinct Planning), при повторно парцелисување на земјиштето во овие области во следните 25 или повеќе години. Со тоа ќе се обезбедат терени за изградба на 181,000 нови домови, за отварање на нови работни места и регионална инфраструктура во вредност од 7.5 милијарди долари за поддршка на скоро половина милион нови жители.

## Ако сакате да ја контактирате комисијата и за тоа ви е потребен преведувач, ве молиме телефонирајте на 1300 730 550.

До комисијата можете да се обратите со писмо на следната адреса
Growth Centres Commission
PO Box 1457
Parramatta NSW 2124

Канцелариите на комисијата работат секој ден од 8.30 ч. наутро до 5.30 ч. попладне и тие се наоѓаат на следната адреса
Level 5, 10 Valentine Avenue
Parramatta NSW 2150

До комисијата исто така можете да се обратите преку електронска пошта на community@gcc.nsw.gov.au.